Совет на Општина Делчево
Број 09-1161 /2
28.06.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 25.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 28.06.2019 година (петок), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 15:15 часот.

На седницата присуствуваа 13 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Сашко Јовановски
10. Дијана Јосифовски
11. Билјана Ѓеоргиевска
12. Кристи Стојковски
13. Вице Стоиловски

Оправдано отсутни беа Катица Трајкова Тасева и Николчо Ситновски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 25.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

Дневен ред
Усвојување на Записник од 24.седница
на Советот на Општина Делчево

1.Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Образлагач**: Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 25.седница на Советот.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 24.седница

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и записникот беше ставен на

гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Оoштина Делчево го усвои Записникот од 24.седница на Советот на Општина Делчево.

Прва точка Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

Образложение поднесе Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања кој рече дека оваа одлука е изготвена врз основа на барањето на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево и Одлуката на Владата на РМ за определување на вредностана бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево и потребно е заклучно со месец јуни оваа одлука да биде донесена.

Според неа, се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево и тоа:

-за периодот од 01.06.2019 година до 31.08.2019 година 77,24 денари, и
-за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 81,10 денари.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Влатко Величковски кој праша колку била висината на бодот досега?

Шабан Багашов рече дека досега платите на давателите на јавни услуги и директорот во детските градинки се пресметувала на друг начин, врз основа на коефициент на најниска плата, а сега треба да биде според висина на бод .

Претседателот на Советот праша дали оваа висина на бодот ќе важи до 31.12.2019 година бидејќи така стои во Одлуката?

Шабан Багашов рече дека секоја година ќе се донесува одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 25.седница заврши во 15.30 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски